Република Северна Македонија
Јавна установа за деца Општинска детска
градинка Фемо Кулаков
Бр. 0401-536
01.12 2023 год.
Неготино

Врз основа на член 143 став(2),(5),(6),(7) од Законот за заштита на децата(Сл.весник на РМ број 23/13,12/14,44/14,144/14,10/15,25/15,150/15,192/15,27/16,163/17,21/18 и Сл.весник на РСМ број 104/19,146/19,275/19,311/20,294/21,150/22,236/22),член 11 и 12 од Колективниот договор за јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст и во дејноста одмор и рекреација на децата (Сл.весник на РСМ број 220/23), Правилникот за систематизација на работните места во ЈУОДГ,,Фемо Кулаков,,Неготино број 0101-240 од 07.06 2023 г ,и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУОДГ,,Фемо Кулаков,,Неготино број 0101-665 од 24.10 2023 година,и согласност за обезбедени финансиски средства од Министерство а финансии на Република Северна Македонија број 18-8435/2 од 18.08 2023 година, В.д Директорот на Јавна установа за деца-Општинска детска градинка,,Фемо Кулаков,,Неготино на ден 01.12 2023 година објавува

# ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2023

## за унапредување на 1(едно) лице на работно место Дипломирана медицинска сестра на неопределено време

ЈУОДГ,,Фемо Кулаков,,Неготино објавува Интерен оглас за унапредување на 1(едно ) лице од редот на даватели на услуги за следното работно место:

1. **Стручен соработник,назив- Дипломирана медицинска сестра,шифра ДЕЗ 0303Г03 -1 извршител на неопределено време**

   Кандидатите треба да ги исполнуваат како општите така и посебните услови од Законот за заштита на децата.

**Општи услови:**

- Да е државјанин на Република Северна Македонија;
- Да е физички и психички здрав;
- Да го познава македонскиот јазик и кирилското писмо;
- Да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија,дејност или должност;
- Да не му е изречена казна со правосилна пресуда со која е осудено за кривично дело за семејно насилство,одземање на малолетно лице,негрижа или злоставување на малолетно лице или родоскврнавење,за кривично дело од

групата на дела против половата слобода,без оглед на изречената санкција и кај кое во согласност со закон е утврдено дискриминаторско однесување;

**Посебни услови:**

За ниво Г03 Дипломирана медицинска сестра со стекнати 180 кредити или завршен VI1 степен, важечка лиценца за стручен соработник, со најмалку една година работно искуство по дипломирањето во струката.

**Распоред на работно време**

- Работни денови: од Понеделник до Петок
- Работни часови : 40 часа неделно
- Работно време: 06 : 30 ч -14 : 30 ч
- Паричен нето износ на плата: 29.605,00 денари

На интерниот оглас може да се пријави давател на услуга вработен во истата установа,кој ги исполнува оштите и посебните услови пропишани за соодветното ниво во Законот за заштита на децата и Актот за внатрешна организација и систематизација на работните места како и:

- Да е оценет со оцена ”4” или “5” при последното оценување;
- Да поминал најмалку две години на тековното работно место;
- Да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

**Кандидатите треба да достават:**

- Пријава;
- Диплома за завршено образование;
- Важечка лиценца за стручен соработник;
- Уверение за државјанство на РСМ;
- Лекарско уверение;
- Изјава дека го познава македонскиот јазик и кирилското писмо;
- Уверение дека не е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија,дејност или должност;
- Уверение дека не е изречена казна со правосилна судска пресуда со која е осудено за кривично дело за семејно насилство,одземање на малолетно лице,негрижа или

злоставување на малолетно лице или родоскрвенавење,за кривично дело од групата на дела против половата слобода,без оглед на изречената санкција и кај кое во согласност со закон е утврдено дискриминаторско однесување.

Огласот трае 5(пет) работни дена сметано од денот на објавување на огласот.

Пријавата со комплетната документација во оригинал или копија заверена на нотар, да се достави до правна служба при ЈУОДГ,,Фемо Кулаков,,Неготино на ул,,Киро Крстев,,број 16 Неготино,објект,,Мајски цвет,,.

Некомплетните и ненавремените пријави со прилог документи нема да бидат предмет на разгледување.

ЈУОДГ,,Фемо Кулаков,,Неготино
В.д Директор
Нада Најдова